**20101583314**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Бр. 07-4960/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Член 1

Во Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009 и 105/2009), во членот 23-а по ставот 6 се додаваат три нови става 7, 8 и 9, кои гласат:

„Лиценцата по истекот на рокот за кој е издадена може да се продолжи, на барање на трговецот на мало кој врши промет на алкохолни пијалаци, доколку ги исполнува условите од членот 23-а ставови 4 и 5 на овој закон.

За продолжување на лиценцата трговецот е должен да плати надоместок во износ од:

- 5.000 денари за секој продажен објект ако има до три продажни објекти и
- 15.000 денари за секој продажен објект, ако има над три продажни објекти и 0,05% од вкупниот промет остварен во претходната година.

Барањето од ставот 1 на овој член се доставува во рок од 30 дена пред истекот на рокот на важноста на лиценцата.”

Ставот 7 станува став 10.

Член 2

Во членот 23-б став 2 точката 1 се менува и гласи:

„1) документ за тековната состојба на трговецот на мало, издаден од Централниот регистар на Република Македонија;”.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Кон барањето за продолжување на лиценца, трговецот на мало е должен да достави:

1) скратен исказ од годишна сметка издаден од Централен регистар на Република Македонија и

2) доказ за уплатен надоместок за продолжување на лиценцата.”

Ставовите 3, 4, 5, 6 и 7 станувaат ставови 4, 5, 6, 7 и 8.

Член 3

Во членот 24-а став 1 зборовите: “во продавниците во состав на зелените пазари” се бришат.

Член 4

Во членот 29 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член не се однесуваат за земјите членки на Европската унија.”

Член 5

Во членот 30 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член не се однесуваат за земјите членки на Европската унија”.

Член 6

Членот 32 се менува и гласи:

„Трговецот е должен при увозот на стоки на надлежните инспекциски органи, пред постапката за царинење да им достави доказ дека се исполнети пропишаните услови за квалитетот на стоките, физичко-хемиските и органолептичките својства, бактериолошките својства, количеството, пакувањето, како и условите за превоз на стоката во однос на превозното средство и начинот на транспортирањето согласно со закон. “

Член 7

Членот 33 се брише.

Член 8

Во членот 34 став 1 алинејата 1 се менува и гласи:

„- заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата,“.

Алинеите 3, 5, 6 и 7 се бришат.

Член 9

Одредбите од членот 1 став 2, а кои се однесуваат на членот 23-а став 8 и членот 2 став 3, а кој се однесува на членот 23-б став 3 од овој закон ќе престанат да се применуваат по пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Одредбите од членот 6, а кои се однесуваат на членот 32 од овој закон ќе престанат да се применуваат по пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Член 10

Одредбите на членовите 4, 5 и 7 на овој закон ќе се применуваат по пристапување на Република Македонија во Европската унија.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.